Врз основа на член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Палнка“ бр.08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.11.2020 година, донесе

# ПРОГРАМА
# за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2021 година

## ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт во 2021 година се:

- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот;
- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, жените и мажите, девојчињата и момчињата, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
- Афирмација на Општина Крива Паланка во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности;
- Афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во Македонија и надвор од неа.

## АКТИВНОСТИ

При креирање на Програмата активностите воглавно се насочуваат кон:

- Изнаоѓање и имплементација на законски решенија кои имплицитно ќе влијаат врз дејноста спорт и физичка култура,
- Сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации,
- Поттикнување и поддршка на програмите на спортските клубови,
- Унапредување на училишниот спорт преку мотивиран стручен кадар,
- Обезбедување на расположливост на објектите за спорт во училиштата,
- Развивање на масовниот спорт,
- Подржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати,
- Рекретаивно спортување кај повозрасните жени и мажи,
- Женски крос против семејно и родово базирано насилство.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма е од Буџетот на Општина Крива Паланка, Агенцијата за млади и спорт, спонзорства, донации и спортски сојузи.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност и интерес ќе се појават во текот на 2021 година ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на Општина Крива Паланка.

| **ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред Бр. | СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ | Рок | Носител | Агенција за спорт и млади | Сопствени приходи | Општина Кр.Паланка | Др.извори донации | Вкупно |
| 1. | Стипендии за талентирани спортисти и спортистки | 2021 година | Општина КриваПаланка | | | 477.000,00 | | 477.000,00 |
| 2. | Првомајски крос натпревар | 1.мај | Општина Крива Паланка и сите училишта | | | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 3. | Турнир во Пинг-Понг | По утврден календар | Понпонгарски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 4. | Турнир во Кошарка | По утврден календар | Кошаркарски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 5. | Турнир во тенис | По утврден календар | Тениски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 6. | Турнир во мал фудбал | По утврден календар | Фудбалски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 7. | Турнир во карате | По утврден календар | Карате клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 8. | Турнир во ракомет | По утврден календар | Ракометен клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 9. | Спортски натпревари за патрон празници на училишта | По утврден календар | Училиштата во соработка со Општина Крива Паланка | | | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 10. | Подршка на училишен спорт – училишни спортски клубови(ќе се води сметка за еднаква родова застапеност при давањето на поддршка – врамнотеженост помеѓу женски и машки спортски клубови) | По утврден календар | Општина Крива Паланка | | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 11. | Набавка на спортска | По утврден | Општина Крива | | | 25.000,00 | | 25.000,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | опрема и реквизити (еднаква родова застапеност при давањето поддршка ). | календар | Паланка | | | | | |
| 12. | Рекреативно спортување кај повозраните жени и мажи- трка во брзо одење на пензионерки и пензионери | Јануари – Декември 2021 | Здружение на пензионери и пензионерки | | | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| 13 | Женски крос/подигање на свеста против семејно и родово базирано насилство | Јануари – Декември 2021 | НВО сектор | | | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| | **СЕ ВКУПНО денари** | | | | | **892.000,00** | | **892.000,00** |

*Во Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2021 година во поголем дел е застапено родово сензитивното планирање и планираниот износ на родова одговорна алокација на буџетски средства изнесува 592.000,00 денари.*

## ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка ќе ги помага спортските манифестации и со:

- доделување награди и признанија;
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2021 година.

**Br.09-3365/11**
**27.11.2020 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска**